A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна општинска установа за деца
-Детска градинка БИСЕРЧИЊА
Бр. 05 - 641/1
28.02 2023 год.
Зрновци

Архивски знак 0507
Рок на чување: 5 год
____20___ година Потпис,

Приватна агенција за вработување
СПИД
Бр. 0402-73/3
28.02 2023 год.
СКОПЈЕ 1

# ДОГОВОР
## ЗА ЈАВНА НАБАВКА –УСЛУГА ОД АГЕНЦИЈА ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА

Склучен на ден 28.02.2023 година помеѓу следнитеДоговорни страни :

1. ЈОУДГ "Бисерчиња" с.Зрновци, Општина Зрновци, ЕДБ-4053018500460 МБ 7271522, претставувана од Директор Верица Савева, како договорен орган (во понатамошниот текст – **Договорен орган**) од една страна

и

2. ПРИВАТНА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СПИД од Скопје, со седиште на ул. „ .Мито Хаџивасилев-Јасмин бр. 48-2/19, 1000 Скопје ", застапувана од Одговорно лице Даниела Велкова (во понатамошниот текст –**Носител на набавката**) од друга страна

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка на услуги е :

***- Ангажирање на агенција за привремени вработувања***

а заради обезбедување/отстапување на работници за вршење на привремени работи, во име и за сметка на Договорниот орган, на начин и услови пропишани со одредбите од областа на привремените вработувања и човечките ресурси, на основа на Законот за работни односи и Законот за приватни агенции за вработување.

Предметот на набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во спецификацијата, составен дел на тендерската документација, изработена од Договорниот орган, за спроведување на Поедностава отворена постапка која се спроведува во електронска форма и завршува со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за јавна набавка, со објавување на Оглас бр.00766/2023 објавен на ЕСЈН , а по Одлука за јавна набавка бр. 09-89/1 од 26.01.2023 година, за доделување договор за јавна набавка.

**Член 2**

Вкупната вредност за реализација на договорот согласно вкупно планираните средства за реализација на договорот утврдени во чл. 2 од Одлуката за јавна набавка и обезбедување на средства за реализација на Договорот по оглас бр.00766/2023 изнесува до 800.000,00 денари (без пресметан ДДВ).

Во вкупната вредност на договорот влегува висината на процентуалниот надоместок за извршената услуга за ПАВ.

Договорниот орган нема обврска во целост да ја реализира вредноста на договорот од став 1 на овој член. Реализацијата ќе зависи од потребниот број лица, односно од бројот на отстапените работници за кои ќе се јави потреба за отстапување кај Договорниот орган.

**Член 3**

ПАВ може врз основа на овој договор да отстапи работник на Договорниот орган-корисник за вршење на привремени работи во случај на :

1. замена на привремено отсутен работник ;
2. привремено зголемен обем на работа ;
3. сезонска работа ;
4. работа на проект ;
5. специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот корисник и
6. непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот корисник .

**Член 4**

Договорниот орган се обврзува на ПАВ да му ги обезбеди неопходните услови за реализација на неговите обврски до ниво на вообичаен оптимум во законска смисла на зборот. .

Одредбата од ст.1 на овој член особено се однесува на навремено презентирање на информации и документација, опис на формални и фактички квалификации на потребниот кадар за вработување, временски период на привременото вработување, подготвителни дејствија, како и назначување на овластено лице за контакт за потребите на овој договор.

Договорниот орган потврдува дека вработените што ќе бидат отстапени за негови потреби преку ПАВ ќе ги имаат вообичаените работни услови согласно законските прописи и условите кај Договорноит орган , особено дека заштитата при работа е негова обврска, како и дека секојдневната комуникација и воспоставување релации со вработените и контрола на нивното работење е негова обврска.

**Член 5**

ПАВ СПИД е носител на лиценца „ А “ за вршење на привремени вработувања , издадена од Министерството за труд и социјална политика под реден број 08-5144/5 од 18.09.2022 година, со важност на истата до 17.09.2024 година.

ПАВ е должна да отстапи работници за вршење привремени работи на начин опишан во тендерската документација за конкретната постапка, односно:

- по доставено барање од Работодавачот-Договорниот орган на мејл **apvspid@yahoo.com** пополнет во посебен формулар или преку факс за обезбедување/отстапување на број и квалификации на работници за конкретна потреба, со времетраење на потребата, место на извршување на работата и сите други неопходни податоци заради реализација на истата, во согласност со одредбите од Законот за приватни агенции за вработување / ПАВ /, прописите за работните односи и заштитата при работа .

Барањето ќе биде потпишано од одговорното лице кај Договорниот орган и заверено од истиот со печат. Исто така; Договорниот орган на ПАВ ќе и достави доказ за планирани и обезбедените средства за исплата на плати на отстапените работници согласно Финансовиот план на ЈОУДГ "Бисерчиња" с.Зрновци за 2023 год.

По доставеното барање од Договорниот орган , ПАВ е должна да одговори на барањето во рок од 3 /три/ ден по приемот на истото, односно да отстапи работници за вршење привремени работи, во зависност од потребите кај Договорниот орган, а во согласност со барањето опишано во став 2 алинеја 1 од овој член.

ПАВ ќе ги преземе сите потребни дејства на добра волја и засилено внимание за да изврши избор на кадар согласно барањата и потребите на Договорниот орган.

**Член 6**

ПАВ е должна да потпише Договор за вработување со отстапениот работник, согласно Законот за работни односи и Законот за приватни агенции за вработување.

По пријавувањето на лицата за привремено вработување, со бараниот датум, ПАВ е должна, во седиштето на Договорниот орган (по пошта и по e-mail), да достави примероци од М1/М2 образец, од кои Договорниот орган ќе утврди дека работниците се уредно пријавени.

ПАВ истовремено е должна самостојно да се организира за потпишување на договорите помеѓу лицата кои на барање на Договорниот орган ќе бидат пријавени преку нив.

ПАВ е должна на вработеното лице да му исплатува месечна плата во износ и време согласно договорените износи и динамика, усогласени со условите определени во тендерската документација, а утврдени со понудата, како и да ги подмирува сите задолжителни давачки кон надлежните институции во Република С. Македонија согласно важечките прописи.

ПАВ има право повремено да се информира кај Договорниот орган за квалитетот на работниот ангажман и нивото на исполнување на работните обврски на привремено вработените лица.

Од Приватната агенција за вработување се бара да ги врши услугите со Пријава/Одјава на работници во најбрз временски рок.

Пресметката за плати од ангажираните работници да ја доставува во ЈОУДГ "Бисерчиња" с.Зрновци од 01-ви до 5-ти во месецот за претходниот месец.

Договорите помеѓу ПАВ и ангажираните работници, да бидат навремено доставувани до ЈОУДГ "Бисерчиња" с.Зрновци , со можност за продолжување односно раскинување на договорот без последици.

Трошоци околу Пријавата односно Одјавата на работникот т.е. ППР образец, М1М2 образец, ЗО образец паѓаат на товар на ПАВ.

ПАВ по Барање (писмено или електронски) од работникот или ЈОУДГ “Бисерчиња“ с.Зрновци за одреден вид на Потврди, поврзани со работниот однос на работникот да ги достави во ЈОУДГ “Бисерчиња“ с.Зрновци на трошок на ПАВ.

Навремена исплата на плати за ангажираните работници по исплатена фактура од страна на Договорниот орган .

Да ги обезбеди сите права по основ на работен однос кои произлегуваат од Законот за приватни агенции за вработување, Законот на работните односи, Законот за заштита при работа , Колективниот договор и другите прописи кои важат за вработените кај договорниот орган.

На барање на договорниот орган да го откаже договорот за вработување пред времето определено со договорот, а поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски со или без отказен рок во зависност од видот на повредата , односно неисполнувањето на работните обврски , согласно одредбите од Законот за работните односи и другите прописи кои важат за вработените во ЈОУДГ “Бисерчиња“ с.Зрновци .

Доколку во текот на годината за која ќе биде склучен Договорот со Законот за приватни агенции за вработување, односно за 2023/2024 година, се јави потреба за отстапување на дополнителен број работници за вршење на привремени работи, Договорниот орган , ЈОУДГ “Бисерчиња“ с.Зрновци , може да побара определен број на работници од избраната Агенција согласно одредбите од Законот за јавни набавки и другите позитивни законски прописи во РСМ.

**Член 7**

Договорниот орган е должен да ги обезбеди сите права по основ на работен однос кои произлегуваат од Законот за приватни агенции за вработување, Законот на работните односи, Законот за заштита при работа, Колективниот договор и другите прописи кои важат за вработените кај истиот.

Во време на склучување на овој Договор Договорниот орган е должен да ги достави и писмено да го извести ПАВ СПИД за сите досега важечки и сите ново донесени идни одлуки и други правни акти кои ги засегаат правата на отстапениот работник, а се донесени и се однесуваат на работодавач корисник.

Договорниот орган се обврзува редовно и во законски утврдените рокови да му доставува на ПАВ пресметка за месечната плата како и сите давачки поврзани со платата за секој вработен и тоа на основа на прописите што се применуваат кај него за утврдување на платата, додатоците на платата и надоместоците.

На основа на изготвените пресметки, Договорниот орган во законски утврдениот рок ќе и исплаќа на ПАВ плата и давачки врзани за платата за отстапените работници во износ определен од Договорниот орган.

Договорниот орган е должен на ПАВ да му исплати и надоместок за извршената услуга за отстапување на работниците за вршење на привремени работи – во висина од 6,20 % од бруто плата на отстапен работник и ДДВ од 18 % на провизијата, односно на висината на процентот на бруто платата за секој отстапен работник.

Висината на процентуалниот надоместок е фиксна и непроменлива по ниту еден основ за целото времетраење на договорот, а истата е утврдена согласно избраната најповолна понуда.

Личното осигурување ќе биде на товар на Договорниот орган.

**Член 8**

Исплатата на износите од чл. 7 ќе се врши по доставување фактура од страна на ПАВ до ЈОУДГ "Бисерчиња" с.Зрновци , со пресметка за плати и придонеси од плата и други додатоци и надоместоци на отстапените работници, согласно одредбите во Законот за приватни агенции за вработување и Закон за исплата на плати, а ПАВ е должна во рок од 3 /три / ден, сметано од денот на уплатените средства со извештај за остварени ефективни часови на отстапените работници од страна на Договорниот орган и уплатените средства за висината на надоместокот за услугите на ПАВ, да им ја исплати платата на отстапените работници.

Рокот на плаќање на фактурата е 30 дена од денот на фактурирање.

Непочитувањето на обврската за навремено плаќање се третира како суштествена повреда на овој Договор.

Пресметката за плати од ангажираните работници да ја доставува кај Договорниот орган најдоцна до крај на месец за кој се пресметува платата .

**Член 9**

ПАВ е должен на отстапените работници, услугата од видот: Пријава/Одјава до Агенцијата за вработување на РСМ, да ја врши во најбрз временски рок , по склучување или завршување на договорот.

Договорниот орган е должен по истекот на секој месец, а најдоцна до 5-ти во наредниот месец на ПРИВАТНА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СПИД да и достави пресметка на плата и придонеси од плата кои кај корисникот се користат за утврдување на плата ( евидентна листа), платен список, како и Извештај за остварени ефективни работни часови на секој работник.

Договорниот орган се обврзува да обезбеди надоместок за превоз,прекувремена работа и работа ноќе согласно Законот за работни односи и општиот колективен договор.

ПРИВАТНА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СПИД му доставува фактура на Договорниот орган со пресметка на платата, надоместоците, провизијата, даноци и сите останати трошоци.

Договорниот орган има обврска на ПРИВАТНА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СПИД да ја плати фактурата за извршената услуга најдоцна во рок од 30 дена од денот на фактурирање, во спортивно ПРИВАТНА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СПИД ќе пресметува и наплаќа законска казнена камата.
Доцнењето на плаќањето на доставената фактура претставува основ за раскинување на овој договор, како и за откажување на договорите за вработување на лицата кои се отстапени од страна на ПРИВАТНА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СПИД.

**Член 10**

Договорниот орган може да го откаже договорот за вработување пред времето определено во истиот, а поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски со или без отказен рок во зависност од видот на повредата , односно неисполнувањето на работните обврски , согласно одредбите од Законот за работните односи и другите прописи кои важат за вработените во ЈОУДГ "Бисерчиња" с.Зрновци .
Доколку Договорниот орган не е задоволен од работата и однесувањето на отстапените работници, потребно е благовремено да го извести ПАВ.

Договорот за вработување склучен помеѓу ПАВ и отстапениот работник може да се раскине предвреме:

- со писмено известување 5 /пет/ дена однапред за договори за вработување склучени до 30 дена;
- со писмено известување 10 /десет/ дена однапред за договори за вработување склучени над 30 дена.

Престанокот на потребата за работникот кај Договорниот орган пред истекот на рокот наведен во договорот не може да биде причина за раскинување на договорот ниту помеѓу Договорниот орган и ПАВ – генералниот договор, ниту меѓу ПАВ и отстапениот работник.

**Член 11**

Договорниот орган му пренесува работи од неговиот делокруг на работа поврзани со обработка на личните податоци на ПАВ, во согласност на член 26 од Законот за заштита на личните податоци:

- Обврска за ПАВ да постапува единствено во согласност со упатствата добиени од страна на Договорниот орган и

- Обврска и за ПАВ да преземе технички и организациски мерки за да обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Член 12**

За сè што не е спомената во овој Договор, ќе се применуваат начелата на целокупното материјално и процесно право на Република С Македонија, а пред сè Законот за приватни агенции за вработување и Законот за облигациони односи.

Евентуалните измени на некои од одредбите на овој Договор ќе бидат изразени во пишана форма преку анекс кон договорот за соработка.

За евентуален спор по овој договор ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 13**

Времетраење на важноста на овој Договор изнесува една година сметано од денот на склучување на договорот.

**Член 14**

Овој договор е изготвен во 4 /четири/ идентични примероци, од кои по 2 /два/ за ПАВ и за Договорниот орган.

| | |
|---|---|
| ***Носител на набавката*** | ***Договорен орган,*** |
| **АГЕНЦИЈА:** | **РАБОТОДАВАЧ КОРИСНИК :** |
| Спид Скопје | ЈОУДГ "Бисерчиња" с.Зрновци |
| ***Одговорно лице,*** | ***Директор,*** |
| (Даниела Велкова) | (Верица Савева) |

Приватна агенција за вработување СПИД 1 Скопје

Општинска установа за деца Детска градинка БИСЕРЧИЊА Зрновци Република Северна Македонија

Приватна агенција за вработување
СПИД
Ул.Мито Хаџивасилев - Јасмин бр.48-2/19, 1000 Скопје
Тел /Факс : 02/ 30 70 545, E-mail: apvspid@yahoo.com

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број 00766/2023 објавен од страна на ЈОУДГ „Бисерчиња„-Зрновци-Општина Зрновци, за Ангажирање на агенција за привремени вработувања, со спроведување на поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

КОНЕЧНА ПОНУДА
По е-аукција

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: **Приватна агенција за вработување СПИД Скопје**
I.2. Контакт информации

- Адреса: Мито Хаџивасилев-Јасмин бр. 48-2/19, 1000 Скопје
- Телефон: 02 30 70 545
- Факс: /
- Е-пошта: apvspid@yahoo.com
- Лице за контакт: Даниела Велкова

I.3. Одговорно лице: Даниела Велкова
I.4. Даночен број: 4030007618710,
I.5. Матичен број: 6177980

**Дел II – Техничка и финансиска понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме сите наведени услуги во техничката спецификација од оваа тендерска документација со следните цени:

Провизијата за отстапување работник (без вклучен ДДВ), на нашата понуда изразена во проценти, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, изнесува: **6,2%** (со бројки) шест запирка два (со букви) проценти од бруто платата на секој работник поединечно.

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

II.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Одговорно лице*
Управител
Даниела Велкова
(потпис)

Приватна агенција за вработување
СПИД
1
Скопје

**8. ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА**

Обезбедување на услуги за отстапување на 2/два/ работника за вршење на привремени работи, за потребите на Работодавачот-корисник – ЈОУДГ „Бисерчиња„о.Зрновци во зависност од потребите што ќе се јават за конкретна работа или услуга, во согласност со чл.4 од Законот за агенциите за привремени вработувања / „ Службен весник на РМ „бр. 49/06, бр.102/08, бр.145/10 и бр.136/11, бр. 38/14, бр.147/15, 27/16/, а по претходно барање од Работодавачот-корисник до агенцијата за привремени вработувања, и тоа:

- 2 (два) работника со завршено *средно образование* IV степен, во зависност од потребите што ќе се јават за конкретната работа или услуга, по претходно барање од Работодавачот , корисник до АПВ;

Времетраењето на важноста на Договорот ќе биде 1 /една/ година , сметано од денот на склучувањето на договорот за јавната набавка од двете договорни страни.Покрај условите предвидени во Законот за приватни агенции за вработување, Носителот на набавката треба да ги исполнува и следниве услови при извршување на услугите – предмет на договорот:

1. Во целост да ги исполнува и почитува барањата на договорниот орган наведени во барањето за ангажирање на привремен работник и за потребите на договорниот орган да отстапува работници кои ги исполнуваат потребните квалификации;
2. Во случај да не може да обезбеди работници кои ги исполнуваат бараните квалификации согласно барањето за ангажирање на привремен работник веднаш, а најдоцна во рок од 3 (три) дена, да го извести договорниот орган;
3. Да ги обезбеди сите права по основ на работен однос кои произлегуваат од Законот за приватни агенции за вработување, Законот за работни односи, Колективниот договор и другите прописи кои важат за вработените кај договорниот орган;
4. Веднаш по приемот на пресметката на платата и придонеси од платата за отстапениот работник, доставена од страна на договорниот орган, но не подолго од 2 (два) работни дена, да достави фактура зголемена за надоместокот на услугите на Агенцијата;
5. На отстапениот работник редовно да му ја исплатува платата, придонесите за социјално осигурување, надоместоците на платата, во рокот предвиден во тендерската документација
6. Да доставува исплатна листа за плата до отстапените работници најдоцна 7 (седум) дена од денот на исплатата на плата;
7. Во случај на доцнење во поглед на рокот од точка 5, на отстапениот работник да му плаќа законска затезна камата како и да ја надомести евентуалната штета доколку истата поради задоцнувањето е поголема од износот што би се добил на име законска затезна камата од сопствени средства;
8. Да обезбеди осигурување од последици на несреќен случај – незгода во друштво за осигурување – осигурувач, кои средства се задржуваат од нето платата на отстапениот работник, при што осигурувањето да трае 24 часа и за цело време додека отстапениот работник е работно ангажиран кај договорниот орган;
9. Дека ниту под еден услов освен со писмена изречна согласност од страна на договорниот орган нема да го замени привремено отстапениот работник или да го откаже договорот за вработување;
10. На барање на договорниот орган да го откаже договорот за вработување пред времето определено со договорот, а поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски со или без отказен рок во зависност од видот на повредата, односно неисполнувањето на работните обврски, согласно одредбите на Законот за работните односи и другите прописи кои важат за вработените во ЈОУДГ „Бисерчиња„ о.Зрновци.
11. За цело времетраење на овој Договор да има важечка лиценца за вршење привремени вработувања издадена од Министерството за труд и социјална политика.

Приватна агенција за вработување СПИД 1 Скопје